# ПЛАН И ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА НА ПСИХОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2005-2009 ГОДИНА

Во текот на анредниот мандатен период постојат неколку главни задачи кои Комората на психолозите на Македонија треба да ги реализира, а тоа се:

1.Основање и организирање на стручните секции-комисии чија примарна задача е предлагање на мерки за решавање на стручните и струковните прашања во одделни подрачја на применетата психологија.

-Потребно е да се утврди и регулира статусот на психологот, во зависност од подрачјето на психолошката дејност со која се бави (на пр.:клиничка и здравствена психологија, школска и предшколска психологија, медицина на трудот итн.)

-Секциите ќе имаат увид во правилниците од одредени подрачја на применетата психологија и ќе даваат предлози за измена.

-Тие исто така ќе претставуваат основа за изработка на стручен елаборат потребен за дефинирање на критериумите за издавање на посебни лиценци.

-Од редовите на членоите на секциите ќе се бираат членови за Комисијата која ќе издава посебни лиценци за работа.

-Тие исто така ќе предлагаат и организираат стручно усовршување потребно за одредени подрачја на применетата психологија, за кои се потребни посебните лиценци.

2. Во согласност со член 22 од Законот за вршење на психолошка дејност, Комората на психолозите на Македонија, преку нејзиниот Управен одбор и стручните секции и комисии ќе ги спроведува следниве активности:

-Следење и проучување на односите и појавите кои се од интерес за унапредување на психолошката дејност во Р.М.;

-Изработка на предлог мерки за унапредување на психолошката дејност, со цел заштита на менталното здравје на граѓаните како и решавање на прашања значајни за остварување на задачите на психолошкта дејност;

-Изработка на конкретни решенија за реализација на предвидените задачи во праксата;

-Предлагање на мерки до Собранието на Македонија, надлежните Министерства и органите на судската власт, со цел спроведување на мерките, а во соработка со претставниците на телата од единиците на локалната самоуправа;

-Тесна соработка со студиите по психологија во Р.М.;

-Соработка со другите невладини организации кои ги собираат психолозите и другите сродни струки;

-Соработка со меѓународните здруженија на психолози и другите сродни струки;

-Стручно усовршување на психолозите по пат на организирање на разни видови на специјализации во соработка со факултетот за психологија, медицинскиот факултет и други сродни струки;

-Годишни програми за работа-нивниот начин на организирање и спроведување на почетокот на секоја календарска година;

-Договори со организаторите на разни облици на стручно усовршување на полето на психолошката дејност;

-Компјутерска база на податоци со единствен бодовен систем за стручно усовршување;

-Организирање на психолошки трибини, самостојно или во соработка со стручните служби на градското Собрание;

-Донесување на правилници за работа на Комората и тоа:

а)Правилник за психодијагностичките средства;

б)Правилник на стандардите за психолошкото тестирање;

в)Попис на заштитените психодијагностички средства;

г)Номенклатура и ценовник на услугите;

д)Правилник за материјалното-финансиско работење;

ѓ)Правилник за правата и одговорностите на членовите на Комората;

е)Правилник за начинот на огласување на работата и начинот за истакнување на името на психолозите кои обавуваат приватна психолошка пракса;

ж)Правилник за стручниот надзор на психолозите;

ѕ)Правилник за избор и отповикување на телата на Комората;

-Услови за работа, опрема на просторот и работењето на психологот кај работодавците;

-Организирање на понатамошната работа на комисиите/секциите;

-Организирање на секција за психолози приправници;

а)Издавање на решенија за приправничкиот стаж;

б)Изработка на предлог листа на психолози кои ќе го спроведуваат менторството;

в)Изработка на листа на психолози-испитувачи во стручниот испит;

г)Именување на ментор за секој поединечен психолог-приправник;

д)Верификација на збирка на плановите и програмите за приправничкиот стаж кои ги донесува менторот;

ѓ)Водење на збирка на планови и програми на стажот на психолозите-приправници;

е)Спроведување надзор врз обавување на психолошкиот стаж;

-Организирање и едукација за обавување на менторската функција;

**-Секција/комисија за психодијагностички средства:**
а)Попис на заштитени психодијагностички средства;
б)Следење на издавањето на тестови во земјата и странство;

**-Секција/комисија за приватна пракса:**
а)Примање на барања за отварање на психолошка пракса;
б)Утврдување на листа од овластени психолози за спроведување на увидот во работењето на приватна пракса;
в)Формирање на ценовник на услуги спрема состојбата на пазарот;

**-Секција/комисија за стручно усовршување:**
а)Изработка на годишна предлог програма за стручно усовршување;
б)Изработка на предлог организација и спроведување на стручното усовешување;
в)Категоризација на облиците на стручното усовршување;
г)Анализа на резултатите од прашалникот за евалуација и известување на изведувачот на стручното усовршување;

**-Секција/комисија за психотерапија:**
а)Постапка за воведување на психолошки третман во состав на бодирањето;
б)Минимална цена на психотерапевтскиот час;
в)Соработка со психијатрите, нивните здруженија и секции кај нас и во светот;

**-Секција/комисија за судски вештаци:**
а)Организирање и востановување на работата на секцијата;
б)Организирање на едукација за судските вештаци;
в)Дефинирање на критериумите и подрачјата за вештачење;
г)Издавање на решенија;

**-Секција/комисија за издавање на лиценци:**
а)Формирање и организирање на секцијата;
б)Организирање на соодветна дообука во организации со соодветна програма;

-Изнаоѓање на најповолни услови за осигурување од одговорност на психологот;
-Изготвување на софтверски програми кои ги вклучуваат сите потребни регистри на психолозите-членовина Комората, посебните психолошки асоцијаии и здруженија-членови на Комората;
-Организирање на мрежа на психолозите и психолошките услуги;
-евиденција на сите важни податоци за психолошката дејност во Р.М.;
-Востановување на веб-страна на Комората;
-Издавање на членска карта на членовите на Комората;
-Востановување на периодично-пишано гласило на Комората;
-Изнаоѓање и опремување на просто во кој ќе работи Комората на психолози на Р.М.